Настанатата вонредна состојба во државата доведува до зголемена потреба за хуманост и активизам. Медицинскиот персонал е еден од главните фактори за решавање на оваа криза. Токму затоа Машинскиот факултет – Скопје, по иницијатива на Факултетското студентско собрание, се приклучи кон изработка на 3Д печатена медицинска опрема. Одлуката ја донесе Деканатската управа на 02.04.2020 и го задолжи асс. м-р Огнен Тутески како одговорно лице од наставниот кадар. Вмрежени сме во соработка со уште 80 компании и физички лица, а до сега се изработени и дистрибуирани 85 парчиња. Ние апелираме до сите наши партнери и соработници, доколку се во можност да придонесат, да се вклучат во оваа иницијатива.



Самата организација може да биде проследена на нивната Фејсбук група https://www.facebook.com/groups/930629214035361/